РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-60/70
10.09 2026 год.

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

**ПРЕДМЕТ:** ИЗВЕСТУВАЊЕ до сите жители на Општина Свети Николе

Се известуваат сите жители на Општина Свети Николе дека ќе се спроведе заедничка акција од страна на Одделенение на инспекциски надзор при Општина Свети Николре во соработка со МВР ПС Свети Николе, согласно Законот за управување со дополнителни текови на отпад, Законот за безбедност на сообраќајот на патишта и Упатството за постапување на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со напуштени или отпадни возила, сопствениците на хаварисани, оштетени и неисправни возила се должни да ги отстранат истите од природа и јавни површини.

Се повикуваат сите сопственици и корисници на вакви возила во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на ова известување, доброволно да ги отстранат своите напуштени или отпадни возила од природа и јавни површини.По истекот на дадениот рок, доколку отпадното или хаварисано возило не е отстрането од страна на сопственикот, ќе го превзема колективен постапувач кој ќе го дислоцира на соодвретно собирно место.

**ПРИЈАВУВАЊЕ НА НАПУШТЕНИ ИЛИ ОТПАДНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА**

Општина Свети Николе ги повикува граѓаните доколку забележат напуштено или отпадно моторно возило на јавна површина, јавен пат, паркинг-простор или друга површина од јавен карактер на територијата на Општина Свети Николе, да го пријават до Општина Свети Николе.

Пријавата може да се поднесе во Едношалтерска канцеларија на Општина Свети Николе и на телефонски број 078255350.

Со почит,

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**

**Дејан Владев**